Designed By Free Video to F






Македонија

# Отворен е конкурсот за годишните награди на ЗНМ

January 23, 2020 13:38 0 40

0

Здружение на новинарите на Македонија

Здружението на новинарите на Македонија традиционално секоја година доделува две награди за новинари, наградата „Крсте Петков Мисирков“ за животно дело и наградата „Јаш Еребара“ за истражувачко новинарство. Од

најдобро новинарско известување за теми од локално и регионално значење за новинари од внатрешноста на С. Македонија.
За наградата за животно дело кандидатите може да се пријавуваат сами или по предлог на тројца новинари. Во пријавата, освен личните податоци на кандидатот и кратка биографија, се доставува и образложение за остварувањата на кандидатот, што оставиле посебна трага во македонското новинарство.

Кандидатите за годишната награда за истражувачко новинарство се пријавуваат сами или по предлог на тројца новинари. Медиумските продукти треба да бидат сериозни новинарски истражувања објавени во текот на 2019 година во медиумите во С. Македонија, посветени на важни прашања за пошироката заедница. Приказните треба да откриваат злоупотреби на власта и моќта, како и кршење на човековите права и слободи. Тие треба да бидат оригинални и поткрепени со факти проверени од разни извори на информации. Пријавата може да содржи најмногу два новинарски продукти кои се објавени во текот на минатата година.

За наградата за најдобро новинарско известување на теми од локално и регионално

регионални медиуми или се дописници на национални медиуми во државата. Пријавата и за оваа категорија може да биде поднесена од самиот новинар или по предлог на тројца колеги. И за оваа награда новинарите може да аплицираат најмногу со два новинарски продукти кои биле објавени во текот на минатата година.

Во апликацијата за наградата за истражувачко новинарство и новинарско известување на теми од локално и регионално значење потребно е да стои функционален линк од објавата, а доколку се доставува во печатена форма материјалот треба да биде испечатен или снимен на CD/USB.

Пријавите треба да се достават до ЗНМ најдоцна до 12 февруари 2020 година и тоа: о електронска пошта на: contact@znm.org.mk, по препорачана пошта, адресирани на: Здружение на новинарите на Македонија, Градски Ѕид, блок 13, 1000 Скопје, РСМ или лично во канцеларијата на ЗНМ.

Пријавите треба да бидат означени: „За НАГРАДА“ во предметот на електронската порака или напишано на ковертот.

На добитникот на награда за животно дело ќе му се додели плакета, додека за најдобрата истражувачка сторија и за наградата за најдобро новинарско известување на теми од локално и регионално значење за 2019 година, наградените ќе добијат плакета, како и парични награди во износ од 1.000 евра по награда.

Изборот на добитниците ќе го изврши Комисија за доделување на наградите на ЗНМ.

‹ ПРЕТХОДНО СЛЕДНО ›

полскиот Пјаст Гливице

методологија за проширување

NEPTUN

Популарни вести

**ВМРО-ДПМНЕ: Националните интереси Заев ги поткопа откако стана премиер**

May 23, 2021 13:25

**Мерките дадоа резултат, вакцинацијата тече во најдобар ред**

**Заев: Не ми паѓа на памет да влијаам врз судството, јас водев револуција против нарачани пресуди**

May 27, 2021 12:32

**(Видео) Карпош додели награди за најдобрите наставници-стручни соработници**

May 21, 2021 13:40

**Роналдо им ветил 150.000 евра на фудбалерите на Ваљадолид ако го победат Атлетико**

May 21, 2021 21:20



**Новиот дрес на македонската репрезентација со кој ќе настапува на ЕП е со бордо боја**

May 27, 2021 22:13

**Костадиновска Стојчевска: Европските вредности ги носиме дома**

May 27, 2021 21:59

**(Видео) Невреме од дваесетина минути го поплави Сараево**

May 27, 2021 21:51

**Модриќ е тажен што Зидан заминува од Реал Мадрид**

May 27, 2021 21:51

**Љафтов: На ЕП повторно ќе го покажеме најдоброто од македонската одбојка**

May 27, 2021 21:31

**ОН покренува истрага за кршење на човековите права на пелестинските територии**

May 27, 2021 21:30

**Шахпаска на "Избор на најуспешни жени менаџерки" повика за примена на родова еднаквост и во бизнисите**

May 27, 2021 21:22

**Пеколна ждрепка на Ролан Гарос за Ѓоковиќ, Надал и Федерер**

May 27, 2021 20:52

**Рот: Албанија и С. Македонија постигнаа многу, очекуваме ЕК да донесе позитивна одлука**

May 27, 2021 20:39

**Заев: Секоја педа обработливо земјиште ја ставаме во функција на ресурс за економски развој, а земјоделецот добива повеќе**

May 27, 2021 20:34

## Социјални мрежи

**Бајден ќе го претстави најголемиот воен буџет по Втората светска војна**

May 27, 2021 16:14 36

**Свечено одбележан Свети Кирил и Методиј со учениците во Швајцарија**

May 24, 2021 07:42 64

**Конкурс за избор на најеколошка општина за 2020 година**

May 21, 2021 08:52 33

## ТУКУШТО ОБЈАВЕНО!

**Новиот дрес на македонската репрезентација со кој ќе настапува на ЕП е со бордо боја**

May 27, 2021 22:13 0

**Костадиновска Стојчевска: Европските вредности ги носиме дома**

May 27, 2021 21:59 0

**(Видео) Невреме од дваесетина минути го поплави Сараево**

May 27, 2021 21:51 0

## ПОВРЗИ СЕ СО 24ИНФО

Like Page
Send Message

24info.mk
18 minutes ago



Согласни со iab.
Етички кодекс

Нашата редакција е членка на Советот за етика во медиумите на Македонија (СЕММ), со што целосно се залагаме за почитување на етиката и професионалните стандарди во известувањето. СЕММ е тело за саморегулација во медиумите и е орган што ги разгледува и одлучува по жалбите во однос на известувањето на медиумите .

@2018 - 24 ИНФО ДОО, Скопје